# ПРЕСМЕТКА НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ ВО ПАТНИЧКИОТ ПРОМЕТ

Согласно член 76а од Царинскиот Закон и Одлуката за вредноста на стоките за кои се применува единствена царинска стапка (Сл. весник 26/2000) е предвидено за стоките што патникот ги носи со себе, чија вкупна вредност не недминува противредност од 60.000,00 денари, да се пресметува единечна царинска стапка во висина од 15% од царинската вредност на стоката.

Со изменувањето на Царинскиот закон (Сл. весник бр.109/2000) царинската евиденција во висина од 1% од цариската основица се наплатува заклучно до 31.12.2001 година.

Тоа значи дека почнувајќи од 01.01.2002 година во патничкиот промет при наплата на единствена царинска стапка од 15% не треба да се наплатаува и 1% царинска евиденција.